РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-2859-2018
08.02.2019 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11) и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/2013, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни специјалистички студии по Фитотерапија – хербални лекови и додатоци во исхраната на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со студиската програма од втор циклус едногодишни специјалистички студии по Фитотерапија – хербални лекови и додатоци во исхраната на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Фармацевтскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје се обрати со барање бр. 03-595/1 од 12.10.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-2859 од 30.10.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус едногодишни специјалистички студии по Фитотерапија – хербални лекови и додатоци во исхраната на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, единица во состав, по добиеното Решение за акредитација 1409-184/2 од 27.09.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-2859 од 05.11.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студија наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 08.11.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-2859 од 19.11.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус едногодишни специјалистички студии по Фитотерапија – хербални лекови и додатоци во исхраната на Фармацевтски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР**
**Dr. Arbër Ademi**

Доставено до:
- Именуваните
- Архива

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Снежана Лузеска
одобрил: Dr Agim Rushiti